Бр. 0801-2/4
11.8.2021

Постапувајќи по претставка бр. 0801-2/1 од 15.01.2020 поднесена од [redacted] од [redacted] име на неговата сестра [redacted] од [redacted], против Министерството за труд и социјална политика за сторена дискриминација врз основа на попреченост во пристап до услуги од социјална заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 09.07.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на попреченост во пристап до услуги од социјална заштита од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје врз [redacted] од [redacted]

## Образложение

На 15.01.2020 до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација врз основа на попреченост од страна на [redacted] во име на неговата сестра [redacted] од [redacted] против Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителот наведува дека тој е старател на неговата сестра, која е лице со одземена деловна способност и трајно загубена работна способност. На [redacted].05.2010 [redacted] добила решение за користење на паричен надоместок за постојана парична помош без дополнителни контролни прегледи, а на [redacted]05.2016 добила решение за трајно признавање на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, без обврска за дополнителни контролни прегледи. Согласно тврдењето на странката, со носењето на Законот за социјална помош во 2019 година цитираните решенија се укинати од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје, а неговата сестра била приморана повторно да аплицира за користењето на споменатите надоместоци. Подносителот смета дека ова претставува директна дискриминација врз неговата сестра врз основа на попреченост.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 14.06.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот

за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје.

На 08.06.2021 Центарот за социјална работа Скопје достави поднесок за изјаснување по претставката во кој констатира дека лицето [redacted] е лице со одземена деловна способност и е ставена под старателство на нејзиниот брат [redacted]. Истата била корисник на правото на помош и нега од друго лице согласно претходниот Закон за социјална заштита (Сл. Весник бр. 79/2009, 51/2010; 51/2010; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 148/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015; 30/2016; 163/2017; 51/2018).

Со носењето на новиот Закон за социјална заштита од 2019 година (Сл. Весник бр. 104/2019, 146/2019; 275/2019; 302/2020; 311/2020; 163/2021) [redacted] преку нејзиниот старател имала поднесено барање за стекнување на право на гарантирана минимална помош заради попреченост, а за остварување на тоа право е потребно произнесување на комисијата при Фондот за ПИОМ. Таа постапката, согласно тврдењата на Центарот за социјална работа Скопје, е во тек.

Согласно наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискримианција смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно Центарот за социјална работа Скопје не извршил дискриминација врз основа на попреченост во пристап до услуги од социјална заштита, во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација и од тие причини одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
11.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до :

- [redacted]
- Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје- ул. Никола Вапцаров бр11, 1000 Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk